**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Петтото продолжение на Дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 03.12.2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,20 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа по Дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ристо Пенов, Јован Мансијевски, Роза Топузова Каревска, Иван Стоиљковиќ, Радмила Шекеринска Јанковска, Јани Макрадули, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Лилјана Поповска, Фиат Цановски, Имер Селмани, Ермира Мехмети, Џеват Адеми, Али Ахмети и Теута Арифи ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 24 - Предлог на одлука за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2009 година;**

Предлогот на одлуката, извештајот на Комисијата за економски прашања и мислењето на Владата ви се доставени.

Отворам претрес по текстот на Предлгот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да учествуваат во претресот да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавено за збор констатирам дека претресот по текстот по на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласање вкупно има гласано 38 пратеници.

Молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Со оглед на тоа дека во моментот на гласање немаше доволен број на пратеници, повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Со оглед на тоа дека има доволен број на пратеници во салата, го повторуваме гласањето.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника. Сите 62 гласаа за, нема воздржано, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2009 година;

**Минуваме на точка 25 - Предлог на финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2009 година;**

Предлогот на финансискиот план, извештајот на Комисијата за економски прашања и мислењето на Владата ви се доставени.

Отворам претрес.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да учествуваат во претресот да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавено за збор констатирам дека претресот е завршен.

Предлогот на заклучокот содржан во извештајот на Комисијата за економски прашања го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници. Сите 67 гласаа за, нема воздржано, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои Предлог заклучок.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, констатирам дека Дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија е завршена.

(Седницата заврши во 11, 30 часот.)